# ОТЧЕТ 2024



ГРАДОНАЧАЛНИК
**ЉУПЧО ПАПАЗОВ**

ОПШТИНА КОЧАНИ



# ЉУПЧО ПАПАЗОВ

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КОЧАНИ**

Почитувани,

на крајот на оваа календарска и фискална година, должност ми е да ги сумирам резултатите од сработеното.



2024 е година што ја завршуваме со успешна реализација на буџетските приходи и расходи. Планираниот основен буџет по основ на приходи е реализиран со 89 %, со одличен процент на реализација на даноците на доход и добивка, како и на даноците на имот и на специфични услуги. Реализацијата на капиталните расходи е со 87 %, што значи дека собраните буџетски средства се наменети за трајни добра, подобри услуги за граѓаните и за создавање услови за економски развој. Со буџетот за 2025 година е планирано зголемување за 110 % на капиталните расходи или во вкупен износ од 182.654.000 денари.

Први во државава воспоставивме модерен паметен систем за управување со јавното осветлување, кој придонесува за значителна заштеда на електрична енергија и побезбедни јавни простори за граѓаните. Годишните заштеди на електрична енергија од овој систем очекуваме да изнесуваат околу 95 MWh или над 15 отсто. Со проектот, имплементиран од Германското друштво за интернационална соработка (ГИЗ) придонесува за подобрување на ефикасноста и квалитетот на планирање на јавните набвки на електрична енергија за улично осветлување.

Определени сме за што повисока искористеност на обновливите извори на енергија: фотоволтаични системи се инсталирани на Фабриката за вода, во ОУ „Никола Карев“ и СОУ „Гошо Викентиев“, како и на Пречистителната станица за отпадни води во Кочани.

Оваа година поставивме нов асфалт на повеќе од 7.000 $м^2$ улици на територијата на општината. Ги изградивме Кејската улица и „Кирил и Методиј“ во Оризари, „Новопроектирана“ во Лесна индустрија, „Стефан Коцев“ во селото Бели, реконструиравме делови од улиците:

Илинденска", „Страшо Пинџур", „Тодосија  Паунов", „14 Бригада" и „АСНОМ" во Кочани. Се реконструираат улиците „Борис Трајковски" и „Гоце Делчев". На улицата „563" во Лесна индустрија се поставува фекална канализација..

Со поддршка на Советот на Општина Кочани донесовме три детални урбанистички планови – за градските четврти 5, 6 и 14, што претставува извор на буџетски приходи и основа за урбаниот развој на општината. За годината што претстои планираме донесување и на ДУП-овите за градските четврти 2, 13 и 17.

Според Индексот на активна транспарентност, Општина Кочани петта година по ред е во најдобрата група  институции, кои ги исполнуваат обврските од 80 до 100 %, а Источниот Регион, каде што припаѓа Општина Кочани, со 88 %  е на челното место меѓу осумте плански региони.

Почитувани,
во годината што претстои остануваме на концептот за развој и одржливо управување на Општината. За таа цел Владата одобри 89 милиони денари за Општина Кочани за реконструкција на дел од булеварот „Тодосија Паунов" од спојот со улицата „Киро Кикенски" до почетокот на разделното зеленило кај СОУ „Гошо Викентиев", во должина од околу 1.000 метри.  Во 2025 – од централно ниво Општина Кочани ќе очекува нов прилив на средства што планираме да биде наменет за реализација на повеќе капитални проекти.

Нашите определби се општина на задоволни граѓани, заедница во која ќе разговараме и ќе ги решаваме проблемите со дијалог и заеднички ќе се бориме за одржлив развој по мерка на секој граѓанин, без разлика на етничката, верската припадност или на социјалниот статус.

Со почит,

Љупчо Папазов
Градоначалник на Општина Кочани



# ИНФРАСТРУКТУРА

# АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦА „КЕЈ НА РЕВОЛУЦИЈАТА“ ВО ОРИЗАРИ





Во Оризари беше асфалтирана улицата „Кеј на револуцијата“. Улицата е долга 600 метри и широка 7 метри, со поплочени тротоари од двете страни и со поставено јавно осветлување.
Проектот за улицата „Кеј на револуцијата“ опфаќа изградба на потпорен ѕид, пропусти и сливници за атмосферска вода. Средствата во износ од 11,5 милиони денари се од Буџетот на Општина Кочани.

# АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦА „БОРИС ТРАЈКОВСКИ“

Рехабилитирана е улицата „Борис Трајковски“ во должина од 785 метри.
Градежните активности опфатија и реконструкција на тротоарите од двете страни со поставени нови улични рабници.
При уредувањето на пешачката површина беше поставена подземна електрична инсталација.





# АСФАЛТИРАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА УЛИЦА „НОВОПРОЕКТИРАНА 1“





Во јужниот дел на зоната Лесна Индустрија во Кочани асфалтирана е улицата „Новопроектирана 1“, којашто е продолжение на претходно изградениот дел од неа.
Градежните работи за оваа улица опфатија рамнење и набивање на тлото, поставување рабници, сливни решетки и нивелирање на шахтите за атмосферска и за фекална канализација.
Улицата е долга 100 метри и широка 7,5 метри.
Вредноста на инвестицијата изнесува 3.200.000 денари.

## АСФАЛТИРАЊЕ НА КРАК ОД УЛИЦА „КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО ОРИЗАРИ





Асфалтиран е крак од улицата „Кирил и Методиј“ во Оризари, со вкупна должина од 500 м.
На 400 м. е надграден асфалтниот слој, а на останатиот дел е извршено тампонирање и асфалтирање. Улицата е со ширина од 3,5м.

## АСФАЛТИРАЊЕ НА ДЕЛ ОД УЛИЦА „СТРАШО ПИНЏУР“ ВО СТРИШАНИ

Асфалтиран е дел од улицата „Страшо Пинџур“ во Стришани, во должина од 150 метри. Улицата е со ширина од 5 метри. Средствата се обезбедени од Буџетот на Општина Кочани.





## РЕХАБИЛИТАЦИЈА И АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦИ ВО СЕЛО БЕЛИ





Во село Бели завршија активностите за рехабилитација со асфалтирање на улица во населеното место во должина од 400 метри. Во склоп на градежните активности беше извршена надградба на асфалт од 5 cm.
Вредноста на инвестицијата изнесува 1.034.000 денари.

## АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦА „ДАНИЕЛ СТЕФАНОВ“





Асфалтирана е улицата „Даниел Стефанов“ во село Долни Подлог со вкупна должина од 370 метри и ширина од 3 до 4 метри. На делови од улицата се поставени два цефковода за канализирање на површинската вода.
За изградбата на оваа улица се наменети 2.100.000 денари,средства од општинскиот буџет.

## АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦА „СТАМЕН МАНОВ“

Асфалтирана е улицата „Стамен Манов“ на потегот од Зијата до Фабриката за вода – локална акција што Општина Кочани ја реализираше според договорот со Институтот за истражување и анализа на политики „Ромалитико“.
Рехабилитацијата и реконструкцијата на „Стамен Манов“ чини близу 5 милиони денари. „Ромалитикао“, со проектот „Заедно за просперитетна заедница“ поддржан од УСАИД, обезбеди 40 % од износот, Министерството за транспорт и врски, преку Декадата на Ромите – 1.174.000 денари, а остатокот се средства од Општина Кочани.





## АСФАЛТИРАЊЕ НА ВТОР ДЕЛ ОД УЛИЦА „ИЛИНДЕНСКА“





Со асфалтирањето на вториот дел од улицата „Илинденска“, заврши рехабилитацијата на 400 метри од оваа сообраќајница во централното градско подрачје на Кочани. Средствата во висина од 1 милион и 500 илјади денари се обезбедени од Буџетот на Општина Кочани.

# РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ПРЕМИН НА ПРУГАТА ВЕЛЕС-КОЧАНИ





Општина Кочани и ЈП Македонски железници ја завршија рехабилитацијата на горниот строј на пругата Велес-Кочани, на патниот премин кај Подлог.
Со цел да се олесни минувањето на возилата,да се зголеми безбедноста и да се забрза протокот на сообраќајот, Општина Кочани изведе и градежни работи за негово проширување.

# УРЕДУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ЖЕЛЕЗНИЧКА ПРУГА - ПРОШИРУВАЊЕ НА ПАТНИ ПРЕМИНИ

По подолги подготовки се уредија премините на железничките пруги кај Судот и кај ветеринарната станица со проширување на уште една лента со што се забрза протокот и безбедноста во сообраќајот.





# ОДРЖУВАЊЕ НА СИСТЕМОТ ЗА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА





Во делот на подобрување на комуналната инфраструктура континуирано се работеше и на одржување на системот за атмосферска канализација, со изградба на нови решетки и замена на оштетените и дотраените на улиците „Страшо Ербапче“, „Маршал Тито“ и „Лазар Андонов“.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДЕЛ ОД УЛИЦИТЕ „14ТА БРИГАДА“, „ЛАЗАР АНДОНОВ“ , „АСНОМ“





Реконструкција на улицата „Лазар Андонов“ и реконструкција на дел од улиците „14 Бригада“ и „АСНОМ“ во Кочани.
На улицата „Асном“ е поправен потег во должина од 64 метри. Средствата во износ од 300 000 денари се од буџетот на Општина Кочани.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА И АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦА „МАКЕДОНСКА“

Со проект за рехабилитација, поставен е нов асфалтен слој на 360 метри од улицата „Македонска“, односно на површина од 2.800 квадратни метри, каде на дел од улицата се заменети рабниците, извршена е нивелација на шахтите и е бетониран тротоар во должина од 100 м.
За изградбата на оваа улица се наменети 2.250.000 денари, средства од Општинскиот Буџет.





## АСФАЛТИРАЊЕ НА ДЕЛ ОД УЛИЦАТА „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“





Во завршна фаза се активностите за асфалтирање на улицата „Гоце Делчев“.
На делот од улицата кај Градскиот пазар во тек е тампонирање на коловозот и уредување на тротоарите. При уредувањето на оваа улица КЈП „Водовод“ изработи шахта за премин на водоводната линија преку реката.
Улицата „Гоце Делчев“ се рехабилитира во должина од 690 метри.

## АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦА „АЛЕКСАНДАР МИТЕВ“ ВО С. ТРКАЊЕ





Улицата „Александар Митев“ е долга 520 метри со ширина од 3,5 до 5 метри.
За асфалтирање на оваа улица обезбедени се 2.332.000 денари од буџетот на Општина Кочани.

## ИЗГРАДБА НА ПРИСТАПЕН ПАТ ВО МЕСНОСТА ЦАЦКОВ БУНАР

Се врши пробивање и темпонирање на пристапен пат во месноста викана Цацков Бунар.
Пристапниот пат е во должина од 425 метри и ширина од 4 метри.
Средства во износ од околу 790.000 денари се обезбедни од Општинскиот буџет.





## АСФАЛТИРАЊЕ НА ПРИСТАПНА УЛИЦА „1“ ВО С.ГРДОВЦИ





Улицата е долга 67 метри, широка 5,5 метри и е поврзана со улицата „Маршал Тито“ .
Асфалтирањето на улицата овозможува подобра сообраќајна врска и поголема безбедност во сообраќајот.

# РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ПАТ НА ЛОКАЛИТЕТ ПОНИКВА





Подобрена е состојбата на патот на локалитетот Пониква што го поврзува паркингот пред одморалиштето на МВР и манастирот „Св. Василиј Велики“.
Санирани се оштетувањата на патот што води кон општинскиот објект „Инфо-центар“ и неколку угостителски и хотелски капацитети на Пониква.
Градежните интервенции се извршени во должина од 150 м.

# БЕТОНИРАЊЕ НА ПРИСТАПНИ УЛИЦИ И КРАЦИ ВО ГРАДОТ И ВО НАСЕЛЕНИ МЕСТА

Бетонирање на  на крак на улица „Коста Рацин“ во должина од 45м и просечна ширина од 4,4 м.

Завршени се градежни активности за бетонирање улици во селото Тркање.
Завршено е бетонирање на пристапна улица „Никола Зафиров“, чија должина е 125 м. Бетониран е уште еден уличен крак во должина од 80 м.

Согласно Урбанистичкиот план вон населено место со намена за површински соларни и фотоволтаични електрани во местото викано Страна, завршено е и пробивањето на пристапен пат низ месноста Средни Рид во Тркање. Работите за пробивање на пристапниот пат се во должина од околу 1000 м.





# БЕТОНИРАЊЕ НА ПРИСТАПНИ УЛИЦИ И КРАЦИ ВО ГРАДОТ И ВО НАСЕЛЕНИ МЕСТА





Завршени се градежните активности за бетонирање краци на две улици во селото Прибачево.

Бетонирана е пристапна улица на излезот кон Грдовци, завршено е бетонирањето на крак од улицата „Гоце Делчев“, на североисточниот влезен дел во Прибачево.
Вкупната должина на бетонираните улици е 240 м, а тие се со ширина од 3,5 м.

Поплочување со бекатон плочки крак на улица „Боро Ловџија“ должина 46 м и просечна ширина 5,9 м.

# ПОСТАВУВАЊЕ НА ПОТПОРНИ ЅИДОВИ И ИЗГРАДБА НА НОВИ ПЕШАЧКИ ПОВРШИНИ



Изградба на нови пешачки површини на ул. „Трета македонска бригада“ каде што тротоарите се поплочени со бетонски павер елементи.



Поставување на армирано-бетонски потпорни ѕидови со огради на следниве локации:

- Улица „Партизанска“
- Улица „Искра“, населба Усова Чешма
- Улица „Илинденска“
- Улица „Пролетерски Бригади“
- Улица „Трета Македонска Бригада“





# МОСТ НА КОЧАНСКА РЕКА - ЗАПОЧНАТИ ГЕОМЕХАНИЧКИ ИСПИТУВАЊА



Започнаа геомеханичките испитувања на теренот каде што е планирана изградба на мост на Кочанска Река што ќе ги спојува улиците „Лазар Андонов“ и „Вера Которка“, истражувања коишто ќе ја определат носивоста на почвата во долните слоеви.

Според проектната програма за изработка на проектна документација, мостот треба да биде долг 30-ина метри и да биде на колови на поголема длабочина.



Изградбата на овој мост е со цел да се намали сообраќајот на улиците „Стево Теодосиевски“, „Глигор Апостолов“ и „Никола Карев“, чии профили не ги обезбедуваат потребната пропусна моќ, ниво на услуга, економичност и безбедност во сообраќајот.

Се очекува изградбата на мостот да овозможи олеснување на сообраќајот по овие улици и негово побрзо и побезбедно одвивање.

Изградбата на мостот е почеток на поврзување на овој дел од градот со јужниот булевар, чија градба се планира да започне во 2025 година.

## ОФОРМУВАЊЕ НА ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ И ПОСТАВУВАЊЕ РЕКВИЗИТИ





Во непосредна близина на Подрачното училиште „Никола Карев“ во Грдовци, Општина Кочани во соработка со службите од КЈП „Водовод“ оформи детско игралиште. Поставени се реквизити за игра, хортикултурно е уредена околината и се засадени високостеблести дрвца.

## СООБРАЌАЈНА ОПРЕМА, ВЕРТИКАЛНА И ХОРИЗОНТАЛНА СИГНАЛИЗАЦИЈА НА КРУЖНИ ТЕКОВИ

Врз основа на дефинираното сообраќајно решение за динамичниот и стационарниот сообраќај во централното градско подрачје произлезено од потребата за зголемување на безбедноста на сообраќајот и на нивото на сообраќајна услуга, започна поставување на сообраќајна опрема, вертикална и хоризонтална сигнализација.
Општина Кочани постави сообраќајната опрема на кружниот тек кај Двојниот мост и на кружниот тек во Стришани.





## УРЕДУВАЊЕ НА ПАРК ВО МЕСНОСТ БАВЧАЛУК





Според Меморандумот за соработка што Општина Кочани го потпиша со Фондацијата за развој на локалната заедница од Штип, се реализира проектот за уредување на паркот во месноста Бавчалук.
Проектот опфаќа целосно обновување на содржините во Спортско-рекреативниот центар: асфалтирање на терените за мал фудбал и кошарка, обновување на подлогите, замена на таблите и на обрачите на кошевите, стативите на фудбалското игралиште, санација на постојните летниковци итн.
Вкупната вредност на проектот изнесува 3.781.720 денари од кои 1.050.000 денари се од Фондацијата за развој за развој на локалната заедница Штип, а останатите средства се од Буџетот на Општина Кочани.

# АКТИВНОСТИ НА ОПШТИНА КОЧАНИ ВО СОРАБОТКА СО КЈП „ВОДОВОД“






Во изминатиот период, Општина Кочани, во соработка со КЈП „Водовод“, реализираше низа активности за подобрување на јавните простори и инфраструктурата.
Извршени беа акциите за кастрење и сечење дрвја, гранки и диво израснато зеленило на важни локации низ градот, како и расчистување на диви депонии во различни населени места. Поставени беа нови урбани елементи, како клупи и канти за отпадоци, а беше обновена и заштитната ограда на неколку локации. Активности беа реализирани и на проширување на паркинг просторот околу градскиот стадион.
Во соработка со СОУ „Гошо Викентиев“, беше извршено уредување на училиштниот двор и изнесување отпад, а во централното подрачје засадени беа нови садници. Во исто време, беа реконструирани оштетени клупи и бојадисани метални огради и потпорни ѕидови на повеќе локации. Со цел подобрување на животната средина, реализирани беа и активности за уредување на реката Масалница и расчистување на депонии во источниот регион.
Овие активности значително придонесоа за подобрување на урбаната инфраструктура, еколошката слика и квалитетот на живот во Кочани.








# ДРУГИ ПРОЕКТИ И ЈАВНИ ИНВЕСТИЦИИ



## РЕСТАВРАЦИЈА И КОНЗЕРВАЦИЈА НА СПОМЕНИКОТ НА СЛОБОДАТА





Реализирана реставрацијата и конзервацијата на Спомeникот на слободата во Кочани Со реставраторските работи се обновени близу 80 проценти од Спомeникот кој имаше сериозни оштетувања на мозаичките фризови, но и на целата архитектура во амфитеатралниот дел и во околниот простор.
Реставрацијата и конзервацијата беа реализирани со финансиски грант од 245 илјади американски долари од амбасадорскиот фонд на САД.

## РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЗАГУБИТЕ НА ВОДА

Реализиран е проектот „Намалување на загубите на вода во системот на водоснабдување и искористување на сончевата енергија во КЈП „Водовод", со што на кровот на Пречистителната станица се инсталирани две фотоволтаични централи со моќност од 440 киловати и 120 киловати.
Во тек е набавка и на опрема за намалување на загубите на вода.
Проектот опфаќа и инсталација на водомери на 350 социјално ранливи семејства.





## МОДЕРЕН ПАМЕТЕН СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ





Општина Кочани воспостави модерен паметен систем за управување со јавното осветлување кој придонесува за значителна заштеда на електрична енергија и побезбедни јавни простори за граѓаните.
Станува збор за прв ваков систем во државата, составен од лед-светилки и сензори што овозможуваат приспособување на интензитетот на светлина во зависност од временските услови и движењето на возилата и пешаците. Паметните уреди (сензори) се поставени во 69 контролни кутии за улично осветлување, а согласно проценките, годишните заштеди на електрична енергија од овој систем ќе изнесуваат околу 95 MWh.

# ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА ГЧ 5 , ГЧ 6 И ГЧ 14





Донесени се детални урбанистички планови за:

- Градска четврт 5
- Градска четврт 6
- Градска четврт 14

# ИНДЕКС НА АКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

Активната транспарентност на Општина Кочани во 2024 година изнесува високи 94,3%, од 98 рангирани институции, општини, министерства и Влада.
Општина Кочани се наоѓа на 17-тата позиција, односно според Индексот на активна транспарентност за 2024 година на Центарот за граѓански комуникации, Општината петта година по ред е во најдобрата група институции според активната транспарентност, кои ги исполнуваат обврските од 80 до 100%

Со алатката за комуникација мЗаедница се зајакнуваат капацитетите на локалната јавна администрација и на граѓаните им се дава можност за користење на дигитални јавни услуги






# ПРОЕКТ ЗА ФОТОВОЛТАИЧНИ СИСТЕМИ НА ЈАВНИ ОБЈЕКТИ





Во рамките на проектот „Инсталација на фотоволтаични системи на јавни објекти во Источниот плански регион“ на кровната конструкција на ОУ „Никола Карев“ се инсталираа фотоволтаични панели со моќност од 40 киловати.
Со регионалниот проект, фотоволтаични системи од 210 и 27,5 киловати се поставени и на Фабриката за вода и на СОУ „Гошо Викентиев“ во Кочани.

## ОПРЕМУВАЊЕ И СТАВАЊЕ ВО УПОТРЕБА НА НОВА САЛА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КОЧАНИ





Советот на Општина Кочани доби нова сала, сместена во зградата на Мултикултурниот центар, во која ги одржува редовните седници.

Салата е опремена со потребната аудиотехника за меѓусебна комуникација и снимање на седниците, а се очекува да биде инсталирана и обезбедената опрема со која преку интернет-канал ќе се овозможи видео пренос во живо од работата на Советот.
Дополнително, за опремување на просторијата со мебел од буџетот на Локалната самоуправа беа инвестирани околу 500 илјади денари.

## ПРОГРАМА НА ЕУ *URBACT* - ПРОМОЦИЈА НА НОВИ ЕЛЕКТРИЧНИ ВЕЛОСИПЕДИ

Во рамките на одбележувањето на Европската недела на мобилност и Меѓународниот ден без автомобили се одржа и велосипедската тура „По патеката на оризот“, на која годинава беа промовирани четири нови електрични велосипеди наменети за општинската администрација, што претставува пилот-проект од проектот за модерна мобилност „Зад урбаното“, финансиран од ЕУ-програмата URBACT.





## ПОСТАВУВАЊЕ НОВО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ





На „Кејската улица“ во Оризари, на 15 фундаменти се поставени метални столбови со светилки, кои веќе се поврзани со јавното осветлување.
Според стручните служби наредниов период осветлувањето на новата улица ќе се дооформи со уште десетина електрични столба.
За изградба на јавното осветлување на дел од улицата „Кеј на револуцијата“ се наменети 2 милиона денари.

# ПОСТАВУВАЊЕ ФОТОВОЛТАИЧНИ ПАНЕЛИ НА ПРЕЧИСТИТЕЛНАТА СТАНИЦА ЗА ОТПАДНИ ВОДИ



Фотоволтаични панели се поставени и на кровот на Пречистителната станица за отпадни води во Кочани.
Вкупната вредност на проектот е 447.872 евра, а грантот е во износ од 223.936 евра, односно 50% од вредноста на проектот.
Останатата половина од средствата се кофинасирање од Општина Кочани.



# ПОДДРШКА И СОРАБОТКА СО НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ





Општина Кочани во континуитет ги поддржува невладините организации, како што се спортските - преку Програмата за спорт, фолклорните и останатите организации кои се дел од културата - преку Програмата за култура, од областа на социјалата - преку Програмата за социјална, детска и здраствена заштита и сл.
Општината конкретна соработка преку финансиска поддршка има остварено со здруженија како што се ДПД, Бистри Умови, фолклорни ансамбли, планинарски и риболовни друштва и др.

Исто така на повеќе невладини организации Општината преку програмата Reload им овозможува реализирање на свои проекти од повеќе области. Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан 2 е проект финансиран од Европската Унија (ЕУ) и кофинансиран од Општина Кочани, кој се спроведува од Програмата за развој на Обединетите нации – УНДП.



# ОБРАЗОВАНИЕ

# ПРОЕКТ ЗА ТУТОРСКА НАСТАВА ЗА УЧЕНИЦИ, ВРЕДНУВАЊЕ НА ТРУДОТ НА УЧЕНИЦИТЕ И СТУДЕНТИТЕ





Во делот на образованието, во текот на оваа година спроведен е проект за туторска настава за ученици од ромска националност, редовно се доделија студентските стипендии и училишни пакети со прибор за ученици од социјален ризик и за сите првоодделенци од кочанските училишта.

Најдобрите ученици беа наградени со летување на островот Паг во размена со Општина Крижевци.

# РЕКОНСТРУКЦИИ И УРЕДУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ВО УЧИЛИШТАТА

Извршена е санацијата на санитарните јазли во ОУ „Св. Кирил и Методиј“, како и реконструкцијата на кровот истото училиште, додека во соработка со здружението „Ромалитико“ во дворот на ОУ „Раде Кратовче“ уредено е игралиштето.







# РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КРОВ ВО ООУ „РАДЕ КРАТОВЧЕ“





Во ОУ „Раде Кратовче“ е реконструиран и кровот, односно старата кровна конструкција беше заменета со нова. Проектот се реализираше со средства од Јапонската амбасада, во износ од 4.332.489 денари.

# КУЛТУРА





## ПЕТРОВДЕН





## ДРАМСКИ АМАТЕРСКИ ФЕСТИВАЛ НА МАКЕДОНИЈА



Во делот на културата, Општина Кочани континуирано секоја година ги организира манифестациите „Денови на кочанскиот ориз", празникот на градот Петровден, Драмскиот Аматерски Фестивал, а како новитет во нашата општина изминатите три години се организираат Новогодишен и Велигденски хепенинг. Сите овие настани се организираат преку богати музичко-културни содржини и настапи на познати македонски музички имиња.

Во текот на 2024 година на потпорниот ѕид на паркингот кај Споменикот на слободата во Кочани, млади артисти од Кочани, Куманово и Скопје изработија графити, со што овој дел од градот прерасна во убаво уметничко и модерно место.

Годинава се одржа и Ликовната колонија „Св. Пантелејмон" на Пониква, на која учествуваа млади ученици уметници.







## ДЕНОВИ НА КОЧАНСКИОТ ОРИЗ





## НОВОГОДИШНИ И ВЕЛИГДЕНСКИ ХЕПЕНИНЗИ





# МЛАДИ И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

# ПРОЕКТИ ЗА МЛАДИ:

## ОТВОРЕНА МЛАДИНСКА КАНЦЕЛАРИЈА ЗА ОПШТИНА КОЧАНИ

Во Мултикултурниот центар во Кочани отворена е канцеларија за млади во рамки на проектот „Направи разлика!“ имплементиран од Фондацијата за развој на локалната заедница – Штип, во партнерство со Ротари клуб Кочани и Виница и Ротари клуб Штип, финансиски поддржан од американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД).



## МЛАДИНСКИ ИНЦИЈАТИВИ:

Реализирани се два проекта на две младински иницијативи и тоа уредување на две локации за простор за млади по нивно барање во Кочани на потегот кај Стришани со обезбедување на урбана опрема, фонтана и хортикултурно уредување. Исто така се уредуваше и простор во с. Оризари со обезбедување на урбана опрема и изработен мурал од младите.



## „ОПШТО-КОРИСНА РАБОТА“





Во делот на социјална заштита, „Општо корисна работа“ е проект кој успешно се спроведува и има за цел да се намали бројот на невработените лица, додека од друга страна се зголемува социјалната услуга и се подобрува квалитетот на животот на лицата во социјален ризик, додека преку проектот „Подвижност“, 16 обучени негуватели даваат услуги за нега на 50-тина лица.

Во ОУ „Св. Кирил и Методиј“ беше опремана сензорна соба за потребите на учениците со посебни потреби.

Со Договорот за соработка за проектот Инклузија на деца Роми во јавните општински установи детски градинки за учебната 2024/25 година, деца Роми во предучилишно се ослободуваат од партиципација децата Роми од семејства во социјален ризик.



# СРЕДБИ СО ПРЕТСТАВНИЦИ НА СТРАНСКИ ДРЖАВИ



Општина Кочани беше домаќин на амбасадорката на САД Анџела Агелер и на министерот за култура Зоран Љутков, кои со членови на семејствата Чемерски и Раѓеновиќ и други гости присуствуваа на завршницата на реставрацијата и конзервацијата на Споменикот на слободата во Кочани.

Градоначалникот на Општина Кочани оствари средба со Државниот секретар за федерални и европски прашања на германската покраина Северна Рајна-Вестфалија, г-дин Марк Шпајх на која се дискутираше за започнатите проекти од страна на Општината, а финансирани од страна на Фондот за мали проекти.





Градоначалникот ја прими делегацијата и од германскиот град Кастроп Рауксел, со кој Општина Кочани заеднички подготвува проект за ревитализација на речното корито на дел од Кочанска Река. Двата тима работат и на проект за подготовка на Мастер-план за економски развој на Кочани со искористување на геотермалниот потенцијал.

Амбасадорот на Република Франција во Република Северна Македонија, Н.Е. Сирил Бомгартнер беше во официјална посета на Општина Кочани, каде што оствари средба со Градоначалникот на Општина Кочани, Љупчо Папазов.
Градоначалникот Љупчо Папазов ги претстави локалните економски капацитети, културни и природни богатства, туризмот како стратешки правец за развој, како и образовните ресурси во Кочани.





Амбасадорот на Европската Унија во Република Северна Македонија, Н.Е. Дејвид Гир беше во официјална посета на Општина Кочани, каде што оствари средба со Градоначалникот на Општина Кочани, Љупчо Папазов. На средбата се разговараше за досегашните остварени проекти и оние во тек финансирани од страна на ЕУ, како и за правецот во кој ќе се движи општината за нејзин развој.

Општина Кочани спроведе активност во рамки на проектот „ЕУ за енергетска транзиција: Пакт на градоначалници во Западен Балкан и Турција". Овој проект е кофинансиран од Европската Унија и од Германското сојузно министерство за економска соработка и развој (BMZ), а го имплементира Германското друштво за интернационална соработка.
На презентацијата одржаа говор Петра Дрекслер, амбасадорка на Сојузна Република Германија во Северна Македонија и Бен Нупнау, заменик-амбасадор на Делегацијата на ЕУ.





Градоначалникот Љупчо Папазов присуствуваше на шестиот CEEC состанок за локални лидери во Пекинг.
Тема на овој настан е „Локална соработка на Кина и земјите од Централна и Источна Европа (CEEC) за иднината", која поставува акцент на продлабочување на соработката помеѓу Кина и земјите од регионот.
Целта на оваа иницијатива е да се издигне и унапреди соработката, да се создадат нови можности за економски и културен развој и да се зајакне довербата и размената помеѓу земјите.



ОПШТИНА КОЧАНИ